*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УПІБр. 18-/24-348*
*19.08.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен

Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- На исток се движи по границата на КП 1313/9, по границата на КП 1315/1, и по границата на КП 1277/1.
- На запад по осовина на новопроектирана магистрала ул.1
- На север по осовина на градска магистрала ул.Гоце Делчев
- На југ ја сече КП1396/1, ја сече КП 1395/2, ја сече КП 1278 и ја сече КП 1394/1

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 5,13ха.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2025 (среда) до 9 октомври 2025 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 25 септември (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов